Формулар за потребата од спроведување на стратегиска оцена

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект<br>за линиска инфраструктура вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ ОСЛОМЕЈ 3Б - ТС 110/35 kV ОСЛОМЕЈ,<br>К.О. ОСЛОМЕЈ, К.О. ЖУБРИНО И К.О. СРБИЦА ВОН ГРАД, ОПШТИНА КИЧЕВО |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Биљана Петрова, диа<br>Ирена Велјановска, диа<br><br>Во име на Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци на лицето** | Ул. Никола Русински бр. 3-1/5<br>Општина Карпош<br>Скопје |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/2020), Урбанистичкиот план се изработува врз основа на проектна програма.<br><br>Урбанистички проект вон урбанистички план се донесува за групи на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби кои се наоѓаат вон населено место, односно кои не се опфатени ниту со генерален урбанистички план ниту со урбанистички план.<br><br>Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од ППРСМ со тех. бр. Y11522 од септември 2022 година, согласно кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерството за животна средина и просторно планирање со арх. бр. УП1-15 1736/2022 од 15.09.2022; како и одобрена Проектна програма со технички број 0701-562/3 од 07 февруари, 2023 година. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| ДА ☒ Се донесува нов плански документ<br><br>НЕ ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да. Планскиот документ се однесува на областа на урбанистичкото планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** | | | |
| **Да ☐**<br><br>**Не ☒** | **Член: /** | **Точка /** | **Алинеја: /** |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Да, **4880,88 m² (0,49ha)** – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Со спроведување на проектот ќе се овозможи постигнување на следните цели:<br><br>• Усогласување на проектот со поставките од Просторниот план на Р.М.;<br><br>• Рационално користење на земјиштето; | | | |

- Економска исплатливост;
- Ефикасно инфраструктурно поврзување и опремување на просторот;
- Обезбедување услови за одржлив економски развој и работа на граѓаните;
- Вградување на мерки за заштита на животната средина, природното и културното наследство,
- Вградување мерки за справување со отпад, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот;
- Вградување мерки за заштита и спасување;
- Справување со климатските промени со вградување на стратегии на одржливост во просторниот развој;
- Решенија на комуналните објекти и инсталации коишто ќе ја почитуваат постојната состојба и кои ќе бидат основа на понатамошно проектирање и изградба на истите;
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;

Да ги дефинира урбанистичките параметри за изградба, развој и користење на земјиштето во рамките на проектниот опфат, при реализација на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА 110 KV КАБЕЛСКИ ВОД ТС 20/110 KV ФНЦ ОСЛОМЕЈ 3Б - ТС 110/35 KV ОСЛОМЕЈ, К.О. ОСЛОМЕЈ, К.О. ЖУБРИНО И К.О. СРБИЦА ВОН ГРАД, ОПШТИНА КИЧЕВО

На овој простор со овој урбанистички проект вон опфат на урбанистички план потребно е да се определи: граница на проектен опфат на урбанистички проект за линиска инфраструктура вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ Осломеј 3б - ТС 110/35 kV Осломеј, К.К. Осломеј, К.К. Жубрино и К.К. Србица вон град, општина Кичево со потребни пратечки содржини, со следните наменски употреби на земјиштето:

- Група на класи на намени: **Е** - Инфраструктури;

- Класа на намена: **Е1**-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, односно

**Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (кабелски подземни водови)**

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2022 – 2023г.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

Согласно законските прописи, не е предвидено ревидирање на документот.

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Предложениот проектен опфат се наоѓа во непосредна близина на капацитетите на РЕК Осломеј и планираните ФЕЦ во Осломеј, а нарачател на урбанистичкиот проект е ФОРТИС ЕНЕРГЕТИКА ФОТОНАПОНСКИ ЦЕНТРАЛИ ДООЕЛ, Скопје.

Проектниот опфат е лоциран во околината на капацитетите на РЕК Осломеј, Општина Кичево и опфаќа делови од К.О. Осломеј, К.О. Жубрино и К.О. Србица вон град.

| |
|---|
| Должината на новопланираната траса е cca 2,5 km.<br><br>Површината на проектниот опфат изнесува 4880,88 m² (0,49 ha).<br><br>Почетна точка на кабелскиот вод е 110 kV далекуводно поле во нова ТС 20/110 kV ФНЦ Осломеј 3б, односно опфатот започнува од новопредвидена граница на планирана градежна парцела за ФЕЦ Осломеј 3.1 за која претходно е изработена и одобрена друга урбанистичка документација (Потврда за заверка на УПВОУП бр.2100/20 од 17.10.2022 година). Крајна точка е 110 kV далекуводно поле „Е4“ во постојна ТС 110/35 kV Осломеј во кругот на РЕК Осломеј.<br><br>*Во прилог 1 е дадена местоположба на планскиот опфат.* |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐<br>Во прилог одобрена Проектна програма. |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>**Можни позитивни влијанија:**<br>Изградбата на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ ОСЛОМЕЈ 3Б - ТС 110/35 kV ОСЛОМЕЈ овозможува повисок степен на функционална економска и социјална интеграција на регионот, поврзување со соседните простори поодделно и Републиката во целост, решавање на развојните, просторните и еколошките проблеми. Проблемот од недостиг на вода може да се реши со префрлање на вишокот на водите од еден во друг слив, односно од богати во сиромашни водостопански подрачја.<br>**Можни негативни влијанија:**<br>Во текот на реализацијата на планските содржини, во градежната фаза, се очекуваат емисии на прашина и издувни гасови поради користење на механизација и транспортни активности, како и изведување на земјени работи (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.). Се очекуваат зголемени нивоа на бучава и вибрации од градежната механизација.<br>Изградбата на планските содржини може да има краткотрајно влијание врз квалитетот почвата, подземните води и повремените површински водотеци низ планскиот опфат, поради земјените активности, генерирање на отпадни води, генерирање на отпад. Новоизградените објекти во планскиот опфат, во оперативната фаза, ќе бидат извори на нејонизирачко зрачења и отпад. Доколку при изградбата на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ ОСЛОМЕЈ 3Б - ТС 110/35 kV ОСЛОМЕЈ,се создаде отпад, создавачите на отпад се |

| | |
|---|---|
| должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Со создавање на услови за градба, веројатноста за случување на потенцијалните влијанија е реална.<br><br>Изградбата на предвидените објекти во планскиот опфат се очекува да предизвикаат долгорочни позитивни влијанија во однос на хумано живеење и работа на граѓаните, рационално управување со просторот услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.<br><br>Во тек на градбата се очекуваат емисии на прашина и издувни гасови поради користење на механизација и транспортни активности, како и изведување на земјени работи. Се очекуваат зголемени нивоа на бучава и вибрации од градежната механизација. Изградбата на планските содржини може да има краткотрајно влијание врз квалитетот почвата, подземните води и повремените површински водотеци низ планскиот опфат, поради земјените активности, генерирање на санитарни отпадни води, генерирање на отпад. Новоизградените објекти во планскиот опфат, во оперативната фаза, ќе бидат извори на нејонизирачко зрачења и отпад.<br><br>Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.<br><br>Доколку при изведба на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ ОСЛОМЕЈ 3Б - ТС 110/35 kV ОСЛОМЕЈ создаде отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето преку управување со отпадот, по претходна селекција, преработка и рециклирање за повторна употреба во ист или друг процес на екстракција.<br><br>Опсегот на влијанијата во оперативната фаза се очекува да биде локални, повратни/ |

| | |
|---|---|
| | неповратни и долгорочни влијанија, со мал до среден интензитет. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во градежната фаза можни се незначителни кумулативни влијанија како резултат на користење на регионалниот и локалниот пат за пристап до опфатот, поточно како резултат на генерирање на емисии на прашина, издувни гасови и бучава. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Со имплементацијата на Урбанистички проект за линиска инфраструктура вон опфат на урбанистички план не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на Државата. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Во услови на отсуство на информации поврзани со конкретни проекти и поврзани ризици, не може да се дискутира за ризици по живот, здравје и животна средина. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата**<br>**која ќе биде засегната)** | Опсегот на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ би бил генерално дефиниран со планскиот опфат на планскиот документ и негово опкружување во локален контекст, имајќи ја предвид намената што ја носи планскиот документ<br>(Класа на намена: **Е1** - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, односно **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија (кабелски подземни водови)**<br>- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури<br>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општина Кичево на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 30.138 жители, од кои 35,4% претставува расположива работна сила која што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Имплементацијата на планскиот документ се очекува да има низа на позитивни економско – социјални влијанија:<br>Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на РС Македонија, влегува во групата на регионални патишта „Р2“. Преку овој регионален патен правец регионот се надоврзува со автопатската и магистралната патна мрежа на Републиката.<br>Предметната локација навлегува во границите на Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска и припаѓа на Кичевско-Бродски туристички регион, со утврдени 2 |

туристички зони и 10 туристички локалитети.

Непосредната близина на локацијата до главните патни правци во државата и на веќе оперативната електрана се надоврзува на економската оправданост на реализацијата, давајќи пристап на веќе обучена работна сила. Реализацијата на планот ќе го обнови неплодното земјиште со двоен позитивен ефект врз животната средина, ќе придонесе за зајакнување на енергетската независност на Р.С.Македонија и ќе помогне во постигнувањето на европските емисии на стакленички гасови и еколошките цели и заложби на државата.

Владата на Република Северна Македонија во 2018 година ги донесе Националната Стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027) и Националната стратегија за биолошка разновидност со Акциски План (2018-2023).






**(Слика 1)** Карта на заштитени подрачја во државата




**(Слика 2)** Локација од Извод од ПП на РСМакедонија

(користење на земјиштето)




**(Слика 3)** - Локација од Извод од ПП на РСМакедонија
(реонизација и категоризација на просторот за заштита

| | |
|---|---|
| | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во границите на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изведба на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ ОСЛОМЕЈ 3Б - ТС 110/35 kV ОСЛОМЕЈ нема регистрирано културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, согласно дописот со бр.17-2982/2 од 28.10.2020 од УЗКН на доставеното барање за податоци и информации. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Во рамките на планскиот опфат не се изведуваат активности кои предизвикуваат надминување на стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Планската документација не носи намени со интензивна употреба на земјиштето. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Проектното подрачје претставува благо-ридски терен, без некои поголеми особености на категорија на предел со природни и пејзажни карактеристики. Доколку такви се утврдат при подеталните анализи, истите ќе бидат земени во предвид и соодветно анализирани. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Планската документација ќе овозможи услови за изградба и реализација на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изведба на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ ОСЛОМЕЈ 3Б - ТС 110/35 kV ОСЛОМЕЈ нема регистрирано со што ќе се создадат предуслови за поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Проектниот опфат е во непосредна близина со проектниот опфат за новопланирана ФЕЦ Осломеј 3.2 (Потврда за заверка на УПВОУП бр.1919/21 од17.10.2022 год.) за којшто се издадени Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од ППРСМ, со тех. бр.Y00221 од јануари 2021 година, Решение бр.УП1-15 98/2021 од 10.2.2021 година и Измена и дополна на Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од ППРСМ, со тех.бр. Y16622 од мај 2022, со Решение од МЖСПП арх. бр.УП1-15 926/2022 од 16.5.2022 година.

Проектниот опфат е во непосредна близина и на делови се преклопува со проектниот опфат и трасата на новопланиран 110 kV кабелски вод (Потврда за заверка бр.21-2715/18 од 21.11.2022) за којшто претходно се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на електричен кабел 110 kV од новопланирана трафостаница на фотоволтаична електрана до приклучна точка на ЕСМ, КО Жубрино, КО Осломеј, КО Србица-вонград, КО

| |
|---|
| Шутово, Општина Кичево“ со техн.бр. Y37421 од јануари 2022, Решение од МЖСПП бр.УП1-15 71/2022 од 26.01.2022 година.<br><br>Во непосредна близина на проектниот опфат издадени се Услови за планирање за изместување на регулирано речно корито на река Темница, заради проширување на површински коп за Експлоатација на рудник Осломеј- Запад Општина Осломеј со тех. бр.Y19606.<br><br>Површината на проектниот опфат изнесува **4880,88 m²**.<br><br>Во прилог 1 е дадена местоположбата на планскиот опфат. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба и други објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.<br><br>Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.<br>На овој начин ќе се намалат негативните влијанија врз животната средина и поради тоа планскиот документ има големо позитивно влијание врз животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br><br>Урбанистички проект ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА 110 kV КАБЕЛСКИ ВОД ТС 20/110 kV ФНЦ ОСЛОМЕЈ 3Б - ТС 110/35 kV ОСЛОМЕЈ, К.О. ОСЛОМЕЈ, К.О. ЖУБРИНО И К.О. СРБИЦА ВОН ГРАД, ОПШТИНА КИЧЕВО е опфатен во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени Измена и дополна на условите за планирање на просторот (тех.бр. Y11522), согласно кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерството за животна средина и просторно планирање со Арх. бр. УП1-15 925/2022 од 16.05.2022 година како и одобрена Проектна програма. |

| |
|---|
| Планската документација е изготвена согласно со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020) и во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/2020 и бр. 219/2021).<br><br>Од аспект на управување со животната средина, планскиот документ хиерархиски е поврзан со Националниот еколошки акционен план како највисок стратешки документ за управување со животната средина на национално ниво.<br><br>Во делот на управувањето со отпадот, планскиот документ е поврзан со националната Стратегија за управување со отпад (2008-2020) и националниот План за управување со отпад (2020-2030), како и регионалниот план за управување со отпад за регионот.<br><br>Во делот на управувањето со водите, планскиот документ е поврзан со Стратегијата за води на РМ (2012-2042).<br><br>Во делот на управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух, планскиот документ е поврзан со националните стратешки определби поставени во Националниот план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2018).<br><br>Во однос на социо-економскиот развој, планскиот документ е поврзан со:<br>▪ Програмата за развој на Југозападниот плански регион<br>▪ Националната стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023)<br>▪ Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)<br><br>На локално ниво, планскиот документ е поврзан со плановите и програмите на Општина Кичево. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>Планскиот документ не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Активностите предвидени со планскиот документ во наредната фаза на планирање од пониско ниво се предмет на оценка на влијанието врз животна средина, на ниво на студија или на ниво на елаборат, во зависност од обемот и видот на индустриските активности што би произлегле од планскиот документи и насоките на надлежниот орган.<br><br>Заклучоците од стратегиската оцена за планскиот документ и нејзините препораки треба да бидат третирани како насоки за следното планирање, односно при спроведувањето на оцената на влијанијата врз животната средина. |

| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Благој Бочварски |
| 67-789/10<br>Датум: 28.02 2023<br>Место: Скопје | М.П. |